**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четиринаесеттото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдуљади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Илија Димовски, Оливер Шамбевски, Александар Спасеновски, Ружа Ѓорѓевска, Зоран Витанов, Ристо Пенов, Фијат Цановски, Валентина Божиновска, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Радмила Шеќеринска, Владо Бучковски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Мирјана Секуловска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 17-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова под архивски број 07-3639/20.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Процедурално има господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници во текот на денешниот ден излезе од печат публикацијата "Мојот пратеник" подготвена од граѓанската асоцијација "Мост", кој се однесува за активноста за работата на сите пратеници. Можеби е добро пред да излезат ваквите публикации да имаат увид пратениците, бидејќи има некои грешки. Да речеме за мојата активност пишува дека имам едно неоправдано отсуство на седница на Парламентот, што не е точно, бидејќи од 90 седници на 89 сум учествувал во работата а на една не сум учествувал кога бев на пат во Тирана. Прво е за поздравување ова што објавува. Но, мислам дека сепак пред да излезе, ако не друго пратениците треба да видат дали има некоја грешка, или нема. Тоа е мојата забелешка. Затоа што сепак јас сметам дека да бидеш пратеник е чест и одговорност и затоа треба граѓаните да ја знаат точната активност и работа на пратениците.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам за оваа забелешка. Ќе ја земеме сериозно во предвид.

Процедурално госпоѓа Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Го поддржувам колегата во целост. И не така радо го прифаќам наодот и мислењето на граѓанската асоцијација МОСТ. Мислам дека не смее на тој начин да се врши контрола на пратениците кој бил, а кој не бил, а претходно ние да немаме увид во тоа кој колку пати дискутирал, кој колку амандмани дал. Што значи тоа? Дали нас не стимулираат ние повеќе да дискутираме, или не стимулираат да бидеме тоа што треба да бидеме кога има потреба да говориме, кога нема потреба макар и три месеци да молчиме. Затоа не ја разбирам јас нивната идеја и нивната порака и мислам дека треба да разговараме и со луѓето од граѓанската асоцијација МОСТ. Неможат тие нам да ни вршат надзор и контрола, а да не се со нас за тоа консултирани и како тоа ние да прифатиме да се прави контрола врз нашата работа.

**Љубиша Георгиевски:** Ако поднесете релевантен број пратеници една таква иницијатива, ние можеме да организираме еден паблик хиринг со нив за да се расчистат некои работи. Нема зошто тоа да не го направиме. Повелете, имајте ја иницијативата.

**Јагнула Куновска:** Нека се произнесат. Јас да ви кажам и синоќа во емисијата "Јади бурек" го слушав тоа и за мене и дури и недолично изгледа едно вакво известување па од било кого нека е поздравено и незнам како. Сватив дека е нивна цел да си ја завршат нивната работа. Што станува со нас? Ние за тоа треба да се прашаме и треба да бидеме прашани.

**Љубиша Георгиевски:** Се договоривме, тоа нека си добие една нормална процедура. Направете такво барање, ќе организираме една средба со нив во која ќе ги расчистиме тие работи со најголемо задоволство. Тоа направете го на хартија и кога ќе го добиеме, ќе го проследиме. Од тоа јас не би правел сега проблем, затоа што луѓето од МОСТ ја направија таа анализа и тие едноставно ја дадоа на медиумите. Оваа работа како излезе сега повеќе е и медиумска работа. Ние сме навикнати на тоа, тие прават иши од се. Така што тоа е нивна работа, тие од тоа живеат, така што мораме и спрема нив да бидеме торелантни.

Што се однесува до МОСТ мислам дека ова како ве упатувам е најдобро. Ќе се направи едно барање и ќе седнеме, луѓето се спремни да дискутираат, нема никаков проблем.

**Јагнула Куновска:** И синоќа го слушав тоа и за мене недолично е едно вакво известување .Што станува со нас?

**Љубиша Георгиевски:** Го расчистивме тоа. Тоа го постави господинот Павле Трајанов и јас му одговорив дека во иднина тоа ќе се земе во предвид и прво ќе ви биде вас разделено.

Процедурално пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Претседателе, јас би сакала во истава насока, само ако дозволите. Мислам дека треба правилно да ја насочиме нашата реакција, затоа што право е на невладина организација да презема одредени активности, да ја следи работата на Парламентот, ние сме отворени и како политичари и како институција. Меѓутоа, јас би се придружила на колегите со една сериозна забелешка за методологијата на изработка на анализата, затоа што очигледно дека се направени многу, многу грешки. Јас се консултирав со поголем број колеги, многу сериозни грешки се направени и на некој начин како да има некаква тенденција, јас сега неможам да тврдам, меѓутоа забележително кај пратениците од позицијата забележително полош скор во многу, многу елементи. Неможам да тврдам во овој момент, но велам што е индикативно. Во секој случај мислам дека анализата бара еден посериозен пристап и ќе треба да ги замолиме колегите од МОСТ во иднина за некоја анализа на процедурата по која што тие работат и методологијата по која што работат. Затоа што мора да кажеме дека МОСТ беше сериозна невладина организација што се однесува до мониторинг на изборниот процес и за тоа сите сме биле благодарни за соработката. Но, овде јас имам многу сериозни забелешки. Наместо 7 предлог закони, кај мене да речеме е даден 1 предлог закон и ред други неточности, а такви слични работи има и кај колегите.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Во контекст и во светло на ова што беше спомнато од колегите, јас само би сакал да им честитам на оние 10 наши колеги, 10 пратеници кои што имаат присуствувано на сите седници без исклучок затоа што ревносно си ја извршуваат својата пратеничка задача. Значи, на сите 10 пратеници кои што присуствуваат на сите седници кои што сите се од ВМРО-ДПМНЕ, мислам дека добро во овие 7 месеци ја извршуваат својата пратеничка задача, односно работа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Сега предлагам да се посветиме на дневниот ред.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по предложениот амандман.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа амандманот станува составен дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова под архивски број 07-3639/21.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот.

Според тоа, амандманот станува составен дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова под архивски број 07-3639/22.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски :**Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги и почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Со овој амандман предлагаме членот 8 од постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации да се брише. Членот 8 од постојниот Закон гласи: Здруженијата на граѓани и фондациите дејствуваат и се организираат врз територијален принцип. Бришењето на овој амандман го предлагаме бидејќи цениме дека оваа постојна формулација е терминолошки и суштински надмината. Здруженијата на граѓани и фондации не би требало да бидат организирани единствено врз територијален принцип со оглед на важноста и значењето за развој на концептот на граѓанско општество сметаме дека е навистина ограничувачки фактор. Заради тоа апелирам до вас почитувани колеги, бидејќи сепак станува збор за еден суштински амандман да имате волја да го поддржите.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе,

Јас не само по амандманот, туку би сакал општо да се обратам во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Пред нас имаме амандмани на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации, со Предлог на закон, имаме околу 40 амандмани. Овој Предлог на закон дојде на дневен ред во декември и за жал сеуште не е усвоен. Тогаш разговаравме, имавме дискусија и утврдивме односно ставот беше и на Министерството и наш дека се работи за закон кој што значи само техничко усогласување на Законот за здруженија на граѓани и фондации со Законот за едношалтерски систем и Законот за прекршоци. Во таа насока би сакал да апелирам кај колегите од опозицијата во овој момент да се

повлечат сите 40 амандмани од многу едноставна причина. Пред неколку дена имавме дебата со голем број здруженија на граѓани и фондации организирана од двете најмоќни фондации во Република Македонија , Инстутут за отворено општество и Макеонскиот центар за меѓународна соработка. Таму утврдивме неколку проблеми од кои што основниот е дека во моментов здруженијата на граѓани и Централниот регистар се во недоумица каде да се регистрираат здружнијата на граѓани, дали тоа да се прави во основните судови како што пишува во постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации кој што сеуште не е изменет, или тоа да се прави во Централниот регистар како што пишува во Законот за едношалтерски систем кој што почна да важи уште од септември 2006 година. Така што тоа е првиот проблем.

Вториот проблем е трансферот кој што треба да се направи од основниоте судови во Централниот регистар за кој што исто така постои недоумица. Така што во моментов се наоѓаме во ситуација три-четири месеци здруженијата на граѓани се парализирани во својата работа заради тоа што имаат фактички проблеми во извршувањето на својата работа, заради тоа што законите се неусогласени. Она што е факт дека нас ни е потребен нов закон за здржение на граѓани и фондации заради тоа што тој кој што беше донесен во 1998 година, е навистина квалитетен текст, но помина времето, граѓанскиот сектор е еден од секторите кој што најбрзо се развива не само во Македонија, туку воопшто во Европа и во светот и потребни се нови решенија кои што ќе значат усогласување со стандардите пред се во земјите од југоисточна Европа со кои што имаме слични стандарди. Така што постои расположение во Министерството за правда, постои расположение и во парламентарното мнозинство низ една јавна дебата, низ една транспарентна процедура да донесеме нов закон за здружение на граѓани и фондации кој што би се донел некаде до јуни, јули. Поголем дел од амандманите кои што ги пдонесоа колегите од опозицијата веројатно ќе бидат вметнати во тој нов закон за здруженија на граѓани и фондации. Но, беспредметно е да се поднесуваат сега од многу едноставна причина што овој текст доколку го надополниме со дел од амандманите кои што се предложени, ако немаме целосно нов текст и уште повеќе, ако паралелно не ги донесеме законите за волонтерство, законот за филантропија и законот за донации ќе создадеме еден закон кој што повеќе ќе личи на “Франкештајн” одколку на закон. Практично ќе биде исечен и ќе стане нефункционален. Целта е да се донесе не само закон за здруженија на граѓани и фондации, туку еден пакет закони кој што ќе го регулира граѓанскиот сектор и кој што ќе значи во наредните 5-6 години да немаме потреба од промена на овие закони и граѓанскиот сектор да има јасен пат, односно да знае каде ќе се развива. Јас би апелирал не само во мое име, туку во име на голем број здруженија на граѓани и фондации кои што го кажаа тоа, во име на двете големи фондации кои што ја организираа трибината и сите здруженија на граѓани со кои што комуницираме, а сега амандманите да се повлечат, а во наредниот период да работиме заеднички, максимално транспарентно. Министерството за правда да формира работна група во која што ќе учествуваат и претставници на опозицијата и претставници на власта и претставници на релевантните здруженија на граѓани и да донесеме нов закон. Сметам дека ова е една многу фер понуда заради тоа што во претходниот парламентарен состав Владата два пати имаше можност да го донесе законот, не го донесе. Ние нудиме фер шанса низ една транспарентна процедура во наредните 4 месеци некаде до јуни-јули да имаме не само нов закон за здруженија на граѓани, туку цел пакет кој што ќе го уреди овој сектор. Сметам дека е фер ова да го прифати опозицијата, ако ништо друго заради тоа што најголем дел од тие здрженија на граѓани и фондации се токму нивни подржувачи и идеолошки и практично.

**Љубиша Георгиевски:** После оваа дискусија имам чест да ги замолам координаторите на пратеничките групи на една минута да повелат да дојдат овде за еден краток договор.

За реплика се јави гопоѓа Бендевска, повелете со својата реплика три минути, или збор.

**Весна Бендевска:** Збор барам.

**Љубиша Георгиевски:** Молам, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, јас погрешно сум разбрал, повелете.

**Весна Бедневска:** За волја на вистината, пошто бевме повикани како опозиција на фер играња околу овој закон, Владата на Република Македонија го достави Предлог-законот за изменување и дополнување на постојниот закон. Таква одлука донесе на 3 октомври 2006 година, а на 6 октомври го достави во Собраниска процедура. Кога ценеше дека навистина оваа проблематика мора што поитно да се реши во интерес на граѓанскиот сектор односно на здруженијата на граѓаните и фондациите. Јавноста, очигледно, гледа и знае дека од октомври, од 6 октомври до денес, 28 февруари, овој закон не беше ставен во собраниска процедура односно за прв пат беше поставен на седница на 29 ноември 2006 година, а од тогаш 12-та седница нема свое продолжување.

Јас морам да ги искоментирам повторно, биејќи и тогаш говорев, причините заради кои Владата го поднесе овој Предлог закон за изменувње и дополнување. Во материјалите што ги добивме се вели дека измените и дополнувањата што се предлагаат со овој Предлог-закон се однесуваат на две прашања и тоа, прашањето на надлежен орган за регистрација на здруженијата на граѓани и фондации односно премин регистрацијата повеќе да не ја вршат Основните судови, туку ја врши Централниот регистер. Второто прашње е

прашање на замената на паричната казна со глоба изразена во евра односно во денарска противредност, што воопшто не е спорно. Меѓутоа, и тогаш прашував и повторно ќе ги актуелизирам прашањата на кои, за жал, не добив одговор од страна на заменикот министер за правда.

Симптоматична и тогаш беше и сега е заложбата на мала врата под превез дека се изменуваат само овие две прашања,во постојниот закон се прави обид суштински да се изменат три мошне важни сегменти. Тоа се, се менува начинот на регистрацијата на здруженијата на граѓаните и фондациите, се менуваат одредби околу престанокот на здруженијата на граѓани и фондации и начинот на управување со нив. Токму невладините организации здружени околу граѓанската платформа на Република Македонија реагираа и до нас доставија, кратка анализа врз Предлог измените што Владата се обиде кон крајот на октомври да ги протурка во Собраниска процедура. Тие сметаат дека со овие предлог измени се однесуваат на регистрацијата со управувањето, престанокот и распределбата на имотот на здруженијата на граѓани, информации. Граѓанската платформа изрази сериозна загриженост дека доколку се прифати ваквиот предлог закон за измена и дополнување, ќе доведе до неколку можни проблеми во практиката.

Прво, регистрацијата на здруженијата на граѓани и ифондации со членовите од 2 до 10 во предлогот на Владата се воведува исклучително либерален режим за регистрација на здруженија на граѓани и фондации, при што се бришат одредбите со кои органот за регистрација вршеше, внимавајте, проценка на законитоста и усогласеноста на статутот и програмата со законот за здруженија на граѓани и фондации, а соодветно на тоа и со Уставот на Република Македонија. Граѓанската платформа сметаше дека со предложените одредби Централниот регистер ќе врши само механичка регистрација, без притоа да цени дали статутот на зружението на граѓани и фондации ги исполнува законските услови. На овој начин ќе се дозволи да се основа здружение на граѓани или фондација без да се проценува дали се исполнети условите предвидени во Законот и али прогрмата е во согласност со Устав и закон, што остава простор за сериозни злоупотреби.

Членот 7 од Предлог законот кој ни го нуди Владата во Собранието и го менува постојниот член 48, има дава право на жалба на основачите на Здружението на граѓани и фондации, доколку е донесено решение за упис во Централниот регистер , оваа одредба треба да им даде право на жалба доколку се донесе решение за одбивање на упис, а не жалба за регистрација, право кое досега во постојниот Закон беше загарантирано.

Предложените членови од 13 до 17 даваат надлежност на јавниот обвинител и внимавајте, најспорниот момент во Предлогот на Владата секое заинтересирано лице даможе да поведе постапка за престанок на Здружението на граѓани и фондации, не само кога тие работат спротивно на членовите 3 и 4 од Законот, туку и кога работат спротивно на нивниот статут, без при тоа да им се даде можност да се усогласат во своето работење. Оваа одредба за ценење на работата во согласност со Статутот предвидува премногу ригидност, премногу ригидна мерка за престанок и не е во согласност со европската практика која бара да се определи време , за кое Здружението на граѓани или фондација може да ја усогласи својата работа согласно Статуто, а не веднаш да се објави престанок на Здружението на граѓани или фондацијата. Затоа, оваа одредба треба да се измени и да се примени друга мерка, доколку Владата сака да го задржи контролниот механизам. Од друга страна, Предлог законот овозможува секое заинтересирано лице , без при тоа да го дефинира, дали тоа значи дека секое лице кое ќе прочита и ќе разбере ќе може соодветно на предлогот на Владата да поведе постапка пред суд, што може и остава простор на сериозни злоупотреби што ќе бидат на товар и на судовите и на работата на здруженијата на граѓани и фондации. Затоа, треба да се измени, да се предвиди дека такво лице ќе може да покрене иницијатива пред јавен обвинител, како што беше досега уредено со постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации.

Исто така, владиниот предлог за измени и дополнувања во член 1 предвидува вработените во здружение на граѓани или фондација да не можат да учествуваат во извршните органи на истите организации. Сметаме дека ваквата определба ќе придонесе за неконзистентна примена, поради терминологијата со која оперира Законот и поради можноста со Статутот здруженијата на граѓани и фондации да определат разни органи.

Меѓународната пракса забранува вработените да учествуваат во управните и надзорните, но не и во извршните органи, бидејќи по правило во нив учествуваат вработените во Здружението на граѓани и фондации. Затоа, оваа Одредба треба да се измени, да се однесува на управните и други организации предвидени со Закон кои имаат управувачка или надзорна функција.

Предложените измени имаат одредени слабости, бидејќи не се конзистентни со останатите одредби од сегашниот Закон и доколку бидат вака усвоени ќе резултираат со проблеми при негова имплементација.

Владиниот предлог од октомври 2006 година има за цел да воведе систем на регистрирање на Здружението на граѓани и фондации во согласност со Законот за едношалтерски систем, тој сепак предвидува сопствени рокови во процесот кои се значително подолги од предложените во Законот за едношалтерски систем. Бидејќи, процесот се сведе на механичка регистрација, не е јасно зошто Владата како

предлагач на Законот не се обидела да ги усогласи и овие рокови.

Членот 2 кој врши измени на постојниот член 43 не врши промени во својот став 4 кој пропишува дека министерот за правда ќе пропише образец и начин на водење на регистерот за здруженија на граѓани и фондации, иако Законот за едношалтерски систем утврдува дека Централниот регистер води трговски регистер и регистер на други правни лица, затоа што веќе постојат и се донесени.

На крајот, она што е најспорно во владиниот предлог за измени и дополнувања на постојниот Закон на здруженија и граѓани и фондации е распределбата на имотот по престанокот на Здружението на граѓани и фондации.

Членот 11 во владиниот предлог воведува нов став, во кој на надлежниот суд му се дава обврска да решава за начинот за распределба на имотот на здружението по неговото престанок, спротивно на член 53 од Законот за здружение на граѓани и фондации, со кои загарантирано е правото, нивното право распределбата на имот по престанокот да ја регулираат со своите статути. Оваа одредба се кориси со принципите на Законот кој дава право, пред се, на Здружението на граѓани и фондации, како приватно лице само да одлучува за распределба на имотот и ќе доведе до сериозен проблем во спроведувањето. Затоа, одредбата од Предлог законот кој го достави Владата треба да се избрише.

Почитуван претставник на Владата на Република Македонија, да ве потсетам, на 29 ноември поставив пред вас седум прашања. Дозволете да ви ги повторам. Тогаш не добив одговор на ниту едно. Повторно прашувам, зошто чисти поставени прашања од пратеник тогаш ви личеа на наредба, а вие не се ни обидовте да дадете образложение, да го браните владиниот предлог, намерно или не, не одговоривте на суштината на прашањата кои ви беа поставени.

Првото прашање е, зошто интервенирате во членот 31 со нов став дека вработените во стручните тела и служби не можат да бидат избрании во извршните органи на Здружението на граѓани и фондации. Оваа промена, почитуван заменик министер, дали спаѓа во усогласување на одредбите согласно законот за едношалтерски систем или пак усогласување на санкционите одредби, наместо во денари, да бидат изразувани во евра. Вие молчевте.

Второто прашање што ви го поставив беше зошто Владата смета дека Централниот регистер не мора да врши проценка на уставноста и законитоста на статутот и програмата на здружението на граѓани или фондации. Вие и тогаш молчевте на ова прашање.

Зошто единствениот регистер за регистрирање на здруженијата на граѓани и фондации при Централниот регистер се објавува само на веб страна, но не и во Службен весник, а се залагате за транспарентност во работењето, посебно во невладиниот сектор. Дали можевте да го дефинирaвте и да го детерминирате поимот заинтересирано лице. Кој е наведен и употребен во членовите 11, 12, 13 и 14. Што Владата мислеше со овој термин, заинтересирано лице.

Петто прашање кое ви го поставив беше дали Владата има став и објаснување дека понудените измени во членот 11 и 12 од Предлог законот за изменување и дополнувања е сосема спротивен, контрадикторен со членот 20 и членот 37 од постојниот закон. Тоа се членови во кои се детерминираат статутите на Здружението на граѓани и фондација членот 20 и на фондациите во членот 37. Повторно ќе потсетам, во постојниот закон судбината по престанок на имотот по престанокот на Здружението на граѓани и фондации требаше да биде уредено со нивните статути. Вие без да интервенирате, без да ги изменувате членовите 20 и 37 вршите промена во начинот на кои ќе се распределува имотот на здруженијата на граѓани и фондации со новите предлог измени.

Поставив и вакво прашање, дали можете да го објасните вашиот понуден член 13, согласно тој член, членот 59 став 5 се брише. Цитирам во постојниот закон:”против правосилно решение дозволена е заштита на законитоста која ја поднесува јавниот обвинител”. Зошто Влдата смета дека јавниот обвинител не мора да бара заштита на законитоста во оваа материја.

На крај, дали можете да го објасните членот зошто им ги одземате ингеренциите за заштита на законитоста на јавниот обвинител. Тогаш молчевте и сега молчете. Пратеничката група на СДСМ не го менува својот став. Смета дека навистина треба да се овозможи простор, бидејќи Владата сама го создаде вакум просторот, кој сега во овој момент здруженијата на граѓани и фондации немаат можност да побараат регистрација. Доколку имате доблест да ги повлечете сите овие понудени измени кои се однесуваат на регистрација на здружението на граѓани и фондации, на жалбата, на престанокот на здруженијата на граѓани и фондации, на начинот на управување со здруженијата на граѓани и фондации и на распределба на имотот по престанокот на зруженијата на граѓани и фондации, ние ќе ги повлечеме нашите амандмани, доколку навистина интервенирате исклучително само во оние две прашања, впрочем, кои вие ги дефинирaвте како единствена причина со која го поднесувате пред Собранието предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот на здруженија на граѓани и фондации. Значи, доколку ги оставите само одредбите кои се однесуваат на усогласување со законот за едношалтерски систем и прашањето околу замената на паричната казна, наместо во денарска противвредност, да биде изречена глоба изразена во евра, волни сме да ги повлечеме амандманите што ги доставивме при крајот на месец октомври пред ова Собрание. Ви болагодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

15 минути консултации во сала Охрид.

(Пауза од 15 минути)

(Седницата продолжи со работа во 12,37 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пристуни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Во салата има 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 56 пратеника. За гласале 16, воздржан 1 и против 39 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претресе по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова, под архивски број 07-3639/23.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам почитуван претседателе.

Овој амандман го поднесовме заедно со колешката Весна Бендевска, затоа што сметаме дека со овој амандман ќе се создаде можност за одржливост на НВО Секторот на граѓанските здруженија, затоа што со овој амандман предлагаме здруженијата на граѓани и фондации да можат да вршат стопанска дејност под услови таквата дејност да не е нивна основна активност и добивката која што ќе се стекне од вршење на оваа стопанска дејност да се користи единствено за целите кои што им се утврдени со нивните статути.

Единствено во Европа и единствено во регионот Република Македонија е земја која што смао таа забранува невладиниот сектор директно да се занимава со стопанска активност.

Мислам дека ова е стандард и ова е добра практика не само на земјите од Европската унија кој што се однесува на невладиниот сектор, туку ова е добра практика и на сите земји од регионот кои што се стремат кон членство во Европската унија. Не знам од кои причини претставникот на предлагачот не го прифаќа овој амандман.

Барам пратениците да го подржат овој амандман затоа што е во насока на јакнење и финансиска стабилност и независност на невладиниот сектор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Јас сакам да додадам уште нешто. Бидејки прокламираме можност за хармонизација на нашето законодавство согласно европската легислатива сакам да наведам само еден конкретен податок.

Според Глобалси Усасајаетерлан на меѓународно ниво генерално финансирањето на здруженијата на граѓани и фондации од сопствена стопанска дејност изнесува 53%. Од донации 12%, а владите од земјите каде што се однесува учествуваат само со 35%.

Значи, до колку се овозможи здруженијата на граѓани ифондации да се бават со сопствена стопанска дејност во интерес на нивна финансиска одрживост ќе имаме двоен бенефит. Не само што ќе биде одржлив граѓанскио тсектор, од друга страна Владата ќе може да издвојува помалкусредства за поголема добивка, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, службите да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата има доволен број на пратеници.

Според тоа ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници. За гласале 13, воздржани нема и против гласале 49 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претресе по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова, под архивски број 07-3639/24.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Со овој амандман предлагаме после член 3 во постојниот Закон да се додаде нов член 3-а кој гласи: “Здруженијата на граѓани и фондации можат преку своите активности и јавно да се изјаснуваат и да ги искажуваат своите ставови и миселња за прашања од јавен интерес, како и да покренуваат, поднесуваат иницијативи за донесување на закони и други прописи кои се поврзани со нивните цели и активности за кои се основани”.

Значи, за прв пат со новиот Закон предлагаме да се воспостави принципот на учество на граѓаните преку нивните здруженија и фондации консултирање и донесување на одлуки согласно на европските определби.

Со оовј амандман во духот на вистинска хармонизација на македонската легислатива со европската се воведува концептот на организации од јавен интерес кои ќе ги одреди, разграничи од една страна здруженијата кои се засноваат заради заеднички интерес на членовите, како на пример здруженија на лица кои играат шах или кои се љубители на Елвис Присли ит.н., од оние чии активности се од интерес на целата заедница.

Статусот од јавен интерес е значаен за одржливоста на невладиниот сектор бидејќи создава основа за давање на даночни бенефициии други видови на подршка од страна на државата преку објективен, одговорен и транспарентен механизам.

На пример Франција, Германија и Унгарија пропишуваат даночни намалувања само за донации на оние организации кои експлицитно или имплицитно се занимаваат со активности кои се од општа корист на цела заедница. Во некои други земји, иако статусот на јавен интерес не е експлицитно дефиниран во законите даночните бенифиции се поврзани само за оние активности кои се сметаат дека се од јавен интерес.

Државите се определуваат да дадат посебни бенефиции на организации од јавен интерес бидејки истите ефективно ги задоволуваат потребите на локалните заедници, помагаат кон развој на општеството, ги надополнуваат или заменуваат обврските кои самата држава ги има кон граѓаните, или пак даваат услуги кои не се доволно исполнети од страна на државата.

Јас навистина апелирам до пратениците од владеачкото мнозинство да почувствуваат дека сега е моментот во постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации да го воведеме токму овој концепт, концепт на огранизации од јавен интерес со цел да овозможиме државата да им дава определени даночни бенефиции, а во функција на одржливоста на граѓанскиот сектор, за кој сите ние почитувани претставници, без оглед од која политичка партија припаѓаме се залагаме, а тоа е развој на граѓанскиот сектор во Република Македонија. Македонија сепак како парламентарна демократија каде што власта е поделена меѓу трите сегменти - извршна, законодавна и судска остава голем непокриен простор кој токму го покриваат овие невладини организации. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата има доволен број на пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници. За гласале 13 пратеници, воздржани нема и против 46 пратеници, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова под архивски број 07-3639/25.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Пак не знам од кои причини овој амандман не се прифати затоа што е во насока на појаснување на членот 2 од основниот Закон за здруженија на граѓани и фондации ставот 2, според кој здруженијата на граѓани и фондации се непрофитна организација. Со овој амандман го појаснуваме начелото на непрофитност со клаузула за нераспределба односно во насока на тоа дека остварената евентуална добивка од работењето на Здружението на граѓани не може и не смее по никој основ да се распределува ниту помеѓу лица кои се основачи на Здружението на граѓани ниту помеѓу вработените, ниту помеѓу членовите на органите на управување и раководење на невладините организации и фондации.

Не знам од кои причини не се прифаќа овој амандман затоа што овој амандман е во насока на допрецизирање на одредбата на членот 2 особено на ставот 2 од членот 2 и не предизвикува никакви импликации, туку само појаснува и допрецизира.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, за гласале 14, воздржано 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 по насловот на Предлогот на законот поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова под архивски број 07-3639/26.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** И овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Во постојниот закон за Здруженија на граѓани и фондации предлагаме со овој амандман по членот 1, по ставот 1 да се додаде нов став 2 со следниот текст:

Под услови и постапка утврдени со овој закон Здруженијата на граѓани и фондации можат да се стекнат со статус на Здруженија на граѓани и фондации од јавен интерес.

Согласно европските и регионални стандарди се воведува категоријата Здруженија на граѓани и фондации од јавен интерес. Со ваквото воведување се цели кон категоризација на граѓанските здруженија и се овозможува јасна дистинкција помеѓу организациите кои се формирани за интерес на нивните членови од оние кои се активни во интерес на вкупната заедница и поширока група на организации.

Со овој статус се воспоставува и основа за да се креира политиката на финансиската поддршка од страна на државата. Државата ќе треба да предвиди даночни и други финансиски поттикнувања на овие организации, но и за тоа воспоставува поголема одговорност во нивното работење.

Би сакала со вас, почитувани колеги, да споделам како другите европски земји ги воспоставиле своите критериуми за статусот од јавен интерес.

На пример во Летонија. Постои закон за организација од јавен интерес. Според нив активност од јавен интерес е активност која е од значителна корист за општеството или дел од него. Особено ако е насочено кон добротворни активности, заштита на граѓанските права и човекови права, развој на граѓанското општество во образование, култура, наука итн, итн.

Во Летонија за јавен интерес се сметаат активности кои се насочени кон политички партии или за изборни кампањи и активности кои се насочени само кон членовите или основачите на организацијата, луѓе поврзани со неа се со цел задоволување на приватни интереси и потреби освен активности кои ја промовираат организацијата која е основана и работи на права и интереси на луѓе со мали примања и социјално незгрижени лица.

Во Англија и Велс постои добротворна комисија на Англија и Велс која го потврдува добротворниот статус на организации кои ги исполнуваат следните критериуми:

Организацијата мора да биде способна да даде значителна корист на целата заедница. Тие што имаат корист од активностите мора да сочинуваат голема група за да може да се смета дека користи заедницата или значителен дел од неа и не смеат да се користат приватни или лични врски да се ограничат оние кои може да ја добиваат таа корист.

Секоја приватна корист на индивидуи мора да биде споредбена и не смее да ја надмине користа која ја добива заедницата.

И Бугарија е чекор пред нас. Во Бугарија постои закон за правни лица за непрофитни цели. Законот бара една организација која добива статус од јавен интерес да поднесе основни информации во врска со нејзината регистрација, составот на одборот и типот на активности со кои се занимава. Апликантот мора да декларира дека ги исполнува барањата предвидени во законот кои се однесуваат на овој статус.

Активноста од јавен интерес, според листа строго дефинирана во нивниот закон, внатрешното управување има два задолжителни органи, ревизија за оние организации чиј имот или приходи надминуваат, согласно законот, одреден праг, книговодствени барања, известувања и барања за публицитет и исполнувања на барањата кои гарантираат заштита во случај на злоупотреба на имотот од лица поврзани со организацијата или нивни блиски.

Унгарија со акт од 1997 година ги има уредено односно дефинирано своите организации од јавен интерес. За да биде регистрирана одредена организација од јавен интерес во Унгарија основачкиот документ мора да содржи опис на типот на активности од јавен интерес кои ги врши истата организација, изјава на организацијата во случај да има членство дека истата не ги исклучува оние кои не се членови од услугите од јавен интерес. Изјава на организацијата дека не дистрибуира профит, туку дека истите ги користи само за активностите дефинирани во основачкиот документ и изјава дека нема да врши политички активности.

Покрај овие барања и критериуми, законот пропишува и додатни барања поврзани со управувањето на организациите.

Почотувани колеги, исто како и претходниот амандман, очекувам ваше разбирање за да го подобриме нивото на постојниот Закон за здружнија на граѓани и фондации да го прифатиме амандманот кој на определени организации ќе им овозможи стекнување со статусот организации од јавна корист. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, за гласале 16, воздржани нема, против гласале 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот став 2, поднесен од пратениците Роза

Топузова Каревска, Кенан Хасипи и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Се надевам дека пратениците од парламентарното мнозинство ќе имаат слух за да го прифатат овој амандман иако овој амандман да биде прифатен и да стане составен дел од Законот за Здруженија на граѓани и фондации веќе еднаш доживеа неуспех односно беше предложен на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците од група пратеници, меѓутоа, и тогаш пратениците од парламентарното мнозинство не го изгласаа.

Јас би сакала да појаснам за што всушност станува збор.

Имено, со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за Здруженија на граѓани и фондации во членот 1 е додаден став кој вели: вработените во стручните тела и служби од ставот 1 на овој член, службите на Здруженијата на граѓани и фондации не можат да бидат избрани за членови на извршните органи и на Здружението на граѓани и фондации. Јас се согласувам дека не треба да бидат избрани за членови на управните и надзорните органи, тоа е сосема логично и разбирливо затоа што во тој случај би дошло до конфликт на интереси и така е не само кај нас, туку секаде и во останатите земји, тоа е усогласено со Европското законодавство.

Навистина за мене е неразбирливо зошто вработените во стручните тела и служби не можат да бидат избрани за членови на извршните органи, па сите ние знаеме што всушност (галама во салата)

Ќе ве молам да се слушнеме затоа што очекувам поддршка од колегите пратеници (претседателот ги опоменува пратениците) затоа што ќе го посочам случајот во политичките партии затоа што и во политичките партии знаеме што претставува да биде вработен во партијата и да биде член на извршните одбори и што всушност се извршните одбори.

Извршните одбори се оние кои всушност ја извршуваат програмата, ја реализираат програмата на Здруженијата на граѓаните и навистина не гледам како е тука конфликтот на интереси за да тие во исто време не можат да бидат членови на извршниот одбор.

Ова решение кое ни е доставено е многу нелогично и токму поради тоа што голем број од пратениците не само што се членови на политички партии и ја знаат улогата на извршните одбори, туку биле членови и на невладини организации и исто така се запознати што значи да се биде вработен во Здружение на граѓани и фондации и исто време да се биде член на извршен одбор. Тоа се луѓето кои всушност, реков оние што работат, што ја реализираат програмата и затоа се викаат извршни одбори. Ниту вршат надзор, ниту од друга страна се во одборот кој управува со фондацијата. Тоа се два различни поими и точно поради тоа, доколку овој амандман не биде прифатен, а не знам зошто почитуваниот заменик министер не го прифати без никакво образложение, значи исклучиво се работи за каприц затоа што амандманот е поднесен од пратеник од опозицијата. Апсолутно нема ништо што се коси со Европското законодавство или доаѓа до конфликт на интереси.

Уште еднаш ги повикувам пратениците од парламентарното мнозинство да го прифатат овој амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, за гласале 18, воздржано 1, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1а по членот 1,поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, под архивски број 07-3639/8.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници.

Навистина не можам да најдам образложение или причина зошто претставникот на Владата се произнесе негативно по овој амандман затоа што се работи за материја која е предвидена со амандманот, а во моментот е правна празнина. Тоа прашање не е регулирано.

Зошто претставникот на Владата или Владата, бидејќи тој работи по упатствата на Владата, се плаши ако е нешто добро да каже да, го поддржуваме тој предлог, или Владата смета дека не треба да постои Парламентот за да може се што ќе биде сработено да каже дека исклучиво Владата го има тоа сработено. Но, тоа не е суштината на парламентарната демократија. Ние овде сме законодавен дом и ние како пратеници

имаме право актите што ги предлагаат други подносители да ги менуваме и да го кажеме своето мислење, посебно ако тие во пракса навистина со нетрпение се очекуваат и можат да придонесат за подобрување на состојбата.

Во случајот се работи за амандман кој предвидува допрецизирање на времетраење на мандатот на управниот одбор на фондацијата, основање на првиот состав и кој го основа првиот состав. Тоа сега не е регулирано.

Зошто пречи во законот да се вметне одредба која предвидува мандатот на членовите на управниот одбор е 4 години, да биде 4 години со право на повторен избор ако со статутот не е поинаку определено.

При основањето на фондацијата првиот состав на управниот одбор да го определи основачот односно основачите или тестаменталниот извршител и членовите на управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број членови да го изберат претседателот на управниот одбор кој ги свикува и раководи со нив, освен ако со статутот не е поинаку определено. Ова прашање сега не е регулирано.

Навистина не можам да најдам образложение во тоа дека дополнително ќе се прават други измени и дополнувања или ќе се носи сосема нов закон за Здруженија на граѓани и фондации, па тогаш ќе се имаат предвид забелешките што се даваат и што сега се образлагаат од страна на пратениците подносители на амандманот.

Ние не треба да ја пропуштиме можноста што ја имаме и сега. Иако не ги гледаме другите причини во самиот закон што го достави Владата односно другите причини кои предисвикуваат потреба од менување на текстот освен усогласување со едношалтерски систем и околу казните и усогласувањето со Законот за прекршоци, мислам дека не треба да губиме време, тоа што сега може да биде дел од текстот на законот едноставно да го отфрламе затоа што некој друг го предлага тоа. После не знам колку месеци, бидејќи на Владата законите за доставување предлози и е потребно многу време, не знам после колку време би дошле на ред тие измени и дополнувања или сосема нов закон за Здруженија на граѓани и фондации.

Ова што е предложено во овој амандман е во интерес и на тие што се заинтересирани, да не споменувам дека во однос на овој закон повеќе пати се одржувани тркалезни маси, работилници итн, се со цел да се дојде до решенија кои ќе бидат и во функција на Здруженија на граѓани и на фондациите.

Навистина не гледам причина зошто не би се прифатил, затоа апелирам до колегите пратеници, овој закон не е во спротивност со други одредби од Законот, апелирам до колегите да го поддржат амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, за гласале 18, воздржано 1, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1а по членот 1, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, под архивски број 07-3639/9.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Со оглед на тоа што и овој амандман е поврзан со претходниот, Владата не го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Ќе го прочитам амандманот. Да, точно, поврзан е со претходниот амандман и ми беше јасно дека, кога претходниот не се поддржа, дека нема да биде поддржан и овој амандман. Но, не знам што пречи во Законот да бидат дефинирани надлежностите на Управниот одбор на Фондацијата, што сега не е случај со постојниот текст.

Мојот предлог е, со овој амандман, Управниот одбор да ја претставува Фондацијата, да ги води нејзините работи, да донесува статут и други акти, да усвојува финансиски план и завршна сметка, да одлучува за спојување со друга фондација, така што после овој став да се додаде нов кој гласи дека членовите на Управниот одбор да не можат да бидат вработени во Фондацијата. Мислам дека едно навистина исправно решение, за да може да придонесе ваквото решение за подобра работа на фондациите. Токму затоа апелирам до колегите да го поддржат амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, гласале 58. За гласале 19 пратеници, воздржани нема, против гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1а по членот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Цветанка Иванова, под архивски број 07-3639/27.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата .

**Сашо Василевски:** Не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман, заедно со колешката Весна Бендевска предлагаме бришење на ставот 3 од членот 32 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Да појаснам, овој став се однесува на утврдувањето на висината на основачкиот влог на Фондацијата, за да може всушност да се основа фондација. Ова го предлагаме затоа што после овој амандман следи друг амандман, со кој што го определуваме основачкиот влог, односно неговата висина, а исто така даваме можност влогот, покрај тоа што може да биде од парични средства, да биде и од други придонеси, односно други добивки на Фондацијата.

Барам пратениците да го поддржат овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас само да се надополнам. Доказ колку Владата избрзала со овој Предлог за донесување закон за измени и дополнување на Законот и колку во овој момент навистина нема слух да разговараат со пратениците од опозицијата, тогаш кога нудат комплетно рационални решенија, како што е ова, во постојниот Закон не може да стои одредба со која што Фондацијата се основа со парични средства во висина од најмалку 10.000 марки. Со оглед на тоа што германската марка веќе петта година е вон употреба, сте избрзале, не сте ја виделе оваа одредба. И сега, на 28 февруари, доколку се донесе Предлог-законот за измена и дополнување, вие ќе го оставите членот 32 со одредба која што висината е изразена во марки.

Навистина, ова е вон секоја рационалност во поглед на работата на Собранието. Ве молам, почитувани пратеници, имајте разбирање, бидејќи навистина не е сериозно да гласаме закон во кој што ќе постои една ваква одредба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 19, воздржано 2, против 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова, под архивски број 07-3639/28.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата .

**Сашо Василевски:** Не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Овој амандман е продолжение на претходниот амандман. Со оглед на тоа што Владата, очигледно, има интенција да задржи вакви одредби изразени во непостоечки странски валути, претпоставувам дека и овој амандман е нелогичен, бидејќи ќе ви го расипе концептот за одредување и детерминирање на Фондацијата, основачкиот влог, бидејќи во членот 32 би постоела одредба изразена во марки, а ние предлагаме нови членови 32а и 32б каде што основачкиот влог го уредуваме во висина од 5.000 евра.

Го повлекуваме амандманот, со оглед на тоа што вие, како претставник на Владата, ќе мора да одговорите зошто инсистирате на вакви нерационални одредби во еден сериозен закон, како што е постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации, што беше мошне високо оценет од страна на европските претставници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлагачите го повлекоа амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова, под архивски број 07-3639/29.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата .

**Сашо Василевски:** Не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Навистина, мислам дека веќе ваквиот начин на однесување од страна на предлагачот дава за право да се замисли човек дали навистина да работи, дали навистина да предлага сериозни амандмани.

Еве, заради оние кои не го прочитале и заради јавноста, што предлагаме со овој амандман.

Со овој амандман предлагаме членот 35, став 1 да се дополни со уште една алинеа, а заради информација, членот 35 регулира што содржи актот за основање на Фондацијата. Овде додаваме една алинеа, со која што, покрај сите овие работи што треба да ги содржи актот за основање, а се содржани во текстот на Законот да се додаде уште името на лицето што ќе биде одговорно за имотот на Фондацијата, се до нејзиното регистрирање.

Зошто ова го предлагаме, затоа што Фондацијата мора да има имот, основачки влог за да се регистрира. Но, може да се случи, заради одредени причини, да не биде регистрирана Фондацијата. Тогаш мора во овој акт да биде содржано име на овластено лице заради понатамошно постапување со имотот на Фондацијата. Фондацијата што не е регистрирана. Јас не знам зошто и од кои причини во овој амандман ова не се прифаќа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 17, воздржано 2, против 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова, под архивски број 07-3639/30.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата .

**Сашо Василевски:** Не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Членот 37 од постојниот Закон за здруженија на граѓани и фондации го детерминира статутот на Фондацијата. Овој член предвидува дека статутот на Фондацијата треба да содржи име и седиште, цел, име и адреса на основачот и т.н. и т.н. Овде, навистина сакам мала дигресија.

Токму ова е членот, 37, каде што постојниот Закон предвидува од статутот да се определат постапката и условите под кои оснивачите имаат право да ја укинат Фондацијата, како и постапката за управување и располагање со имотот, во случај на престанок на работа. Тоа е онаа смена што вие неприродно се обидувате да ја вметнете во вашиот Предлог-закон за изменување и дополнување, со што ќе добиеме закон за здруженија на граѓани и фондации со двојни формулации, што е вон секоја рационалност.

Овој амандман предвидува статутот, освен сите потребни одредби, да може да ги определува и условите и постапката за избор на членови на Фондацијата, нивната смена, отповикување и нивниот делокруг на работа. Сметаме дека со додавање на новата алинеа се подобрува членот 37 од постојниот Закон, односно се определуваат условите и постапката за избор на членовите, нивната смена, отповикување и делокруг на работа, односно членовите на органите на Фондацијата, а тоа се Управниот одбор и Одборот за контрола врз материјалното и финансиското работење. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 17, воздржани нема, против 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова, под архивски број 07-3639/31.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата .

**Сашо Василевски:** Не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Навистина нема резон да се зборува, но да ги одбраниме до крај, да бидеме достојни, да ги одбраниме амандманите.

Инаку, да кажам во што се состои и не знам зошто не се прифаќа.

Овој амандман е поднесен на членот 38 од основниот текст на Законот, а членот 38 се однесува на постапка за спојување на една фондација со друга фондација. На овој член додадовме уште 3-4 амандмани со кои што определуваме кој е органот и со какво мнозинство треба да биде донесена одлуката за спојување на фондациите помеѓу себе.

Понатаму, се опишува или се прецизира постапката на спојување на фондациите и се констатира, односно со утврдување дека постапката на спојување се спроведува без ликвидација.

Целиот овој амандман е во насока на допрецизирање на постапката за спојување помеѓу фондациите и заради унифицирање на истата таа постапка, да не ни се случува во статутите секоја фондација да си пропишува посебни постапки за спојување.

Барам да ме поддржат пратениците, меѓутоа илузија е, очигледно, сепак оставаме на одлуката.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 18, воздржани нема, против 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова, под архивски број 07-3639/32.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата .

**Сашо Василевски:** Не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Постојниот член 39 од Законот е наречен "Органи на Фондацијата". Првиот став гласи:" Орган на Фондацијата е Управниот одбор".

Амандманот го поднесовме со колешката Иванова со оглед на тоа што вториот став од истиот член предвидува со статутот на Фондацијата да можат да се предвидат и други органи. Бидејќи во членот 37, од статутот на Фондацијата веќе е предвидено статутот да го регулира начинот и постапката за вршење на контрола над работата на Фондацијата, мошне логично беше да го измениме првиот став од членот 39 и тој да гласи: "Органи на Фондацијата се управен и надзорен одбор". Јас навистина молам да објасни претставникот на Владата што е тука спорно, освен тоа што овој предлог, овој рационален предлог што оди во прилог на подобрување на постојниот текст на Законот, освен тоа што е поднесен од двајца опозициони пратеници.

Уште еднаш, ова е доказ, почитуван претставник на Владата на Република Македонија дека Владата нема ниту политички сенс, ниту политичка волја да соработува со Собранието на Република Македонија, особено со претставниците на опозицијата. Вам, очигледно ви одговара нашата "неконструктивност" да ја прокламирате на начин и постапка што ан блок ги одбивате сите конструктивни предлози што доаѓаат од наша страна, по цена да донесувате закони што се непримерни и што, верувајте, ќе паднат во постапка пред Уставниот суд, за што бидете убедени дека ќе поднесеме барање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Бидејќи немаме доволен број на пратеници, ќе го повториме гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места, а службите да доставаат точен број на пратеници.

Во салата имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 15, воздржани нема, против 46 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 1-а и 1-б по членот 1, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Василевски.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман се предлага, како и со претходните што ги предложив, допрецизирање на законот за основање надзорен одбор на фондацијата. Се предлага основање надзорен одбор, состав, избор, надлежност и начин на неговата работа.

Навистина не знам, еве како и претходните амандмани што ги поднесов, од кои причини не се прифаќаат затоа што истите само потполнуваат правни празнини односно ги доразработуваат постојните членови на законот.

Со овој амандман што го предлагам, предлагам надзорниот одбор да го контролира работењето на фондацијата, а сега не е предвидено таква контрола, да ја прегледува годишната завршна сметка, да се грижи за работењето на фондацијата, согласно закон и актите на фондацијата, го известува упавниот одбор за констатирани неправилности и предлага начин на нивно надминување, најмалку еднаш годишно да поднесува извештај на Управниот одбор за својата работа, да го разгледува сметководственото и финансиското работење и да донесува други акти на фондацијата. Надзорниот одбор да може да свика и вонредна седница на Управниот одбор, ако е тоа во интерес на фондацијата, или ако тоа не се свикува од страна на Управниот одбор.

Предвидено е на седницата на надзорниот одбор да имаат право да присуствуваат и членови на Управниот одбор.

Го читам амандманот затоа што не сум сигурна, барем од она што се случува во салата каде постојано мораме да чекаме пратеници, во најголем дел од мнозинството, што се отсутни, да гласаат за амандманите, па реков, не сум сигурна

дали навистина ги имаат прочитано амандманите што сме ги предложиле и затоа целта ми е да појаснам за што точно би требало да гласаме затоа што сметам дека со вака предложениот амандман се одобрува текстот на законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Лазар Китановски. Повелете.

**Лазар Китановски:** Јас би сакал, во поддршка на овој амандман да замолам да гласа и мнозинството, поучени од едно многу, навистина, непријатно искуство што ни се случи минатата година со една многу угледна невладина организација каде не се водело никаква сметка за финансиското работење и тоа со пари дојдени од Европа. Навистина тоа беше голема брука за нашата држава. И до ден денес на пример не се расчисти што стана со тие финансиски, претпоставувам, малверзации.

Овој амандман има функција, значи секаде каде што има фондации, да има надзор над трошењето на тие пари, бидејќи во фондациите се слеваат пари од различни извори. На тој начин би имале увид тие што ги даваат тие пари во текот на годината, да знаат дали се потрошени за намената за која се дадени тие пари, било да е државата, било да се физички приватни лица или може некои странски фондови кои помагаат некои фондации.

Зборот ми е,ние имаме едно лошо искуство со една фондација која сите ја сметавме за беспрекорна, угледна, а која и нанесе огромна штета на Република Македонија, огромна штета.

На нас ни се препорачува борба против организиран криминал, што навистина е проблем на многу земји од регионот, а од друга страна такви институции кои треба да бидат на чело на таа борба и кои мислевме дека се на чело, испадна дека работеле, не почитувајќи никакви закони.

Со овој амандман практично се обезбедува еден ред, еден поредок, едно почитување на законите, една контрола на финансиското работење, во случајов се работи за фондацијата.

Токму затоа мислам дека не треба по автоматизам само да се отфрлаат амандманите на опозицијата, туку да се сфати логиката, правната логика, ако сакате и политичката логика на овој амандман. Значи идејата е да се врши контрола на трошењето на тие средства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Бидејќи немаме кворум за гласање, предлагам пауза за ручек.

(Пауза до 15,00 часот).

Поради немање кворум, по 15 часот Собранието не продолжи со работа.